# Настани во неделата за СРЗ права на лицата со попреченост

**Активности:**

**17.03.2014. Изложба на фотографии од инцијативата „Девојките одлучуваат"**

Изложбата е дел од иницијативата „Девојките одлучуваат" на Меѓународната Федерација за Планирано Родителство (МФПР) и британскиот весник „Гардијан". Фотографиите се дел од сторијата во Македонија, остварена заедно со Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост Порака - Скопје и со Државниот дневен центар за лица со попреченост од Гостивар. Автор на фотографиите е Греам Робертсон. Дополнително, изложени се фотографиите од неколку земји кои зедоа учество во иницијативата „Девојките одлучуваат" .

Изложбата се отвора на 17 март 2014 година, со почеток во 12.30 часот во Домот на културата „Кочо Рацин" (Дом на градежници, ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 20а) и ќе биде отворена до 27 март 2014.

**18-20.03.2014. Бесплатни прегледи и едукативни работилници за СРЗ во младинскиот центар „Сакам да знам"-Водно (ул Елисие Поповски бр 4).**

Услугите во овој центар се бесплатни, доброволни и доверливи, а истите можат да се закажат на (02)3176- 950, секој работен ден од 11 до 17 часот.

<u>18.03.2014 (вторник)</u>

15.00-18.00 часот - Гинеколошки прегледи и консултации за репродуктивно здравје

17.45- 18.00 часот - Работилница со психолог за лица со интелектуална попреченост, тема на работилницата: Видови на врски

<u>19.03.2014 (среда)</u>

15.00-18.00 часот - Дерматовенеролошки прегледи и консултации за репродуктивно здравје

<u>20.03.2014 (четврток)</u>

15.00-18.00 часот - Гинеколошки прегледи и консултации за репродуктивно здравје

17.45- 18.00 часот - Работилница со педагог за лица со интелектуална попреченост, тема на работилницата: Пријатни и непријатни допири, превенција од злоупотреба

**21.03.2014. Светски ден на лицата со Даунов синдром - Трибина на тема „Сексуално и репродуктивно здравје"**

По повод Светскиот ден на лицата со Даунов синдром, во соработка со Трисомија 21, ќе се одржи трибина за родители на тема „Пристап до здравствени услуги и информации за сексуално и репродуктивно здравје". Трибината е со почеток во 17:00 часот во Домот на културата „Кочо Рацин" (Дом на градежници, ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 20а).